ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2018 година бр.09-100/17 од 25.12.2017, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола**

Јавната презентација по Предлог Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола ќе се одржи на ден 18.01.2019г. (петок) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Предлог Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола се однесува на опфатот на село Нижеполе, кој е дефиниран со граници соодветно на изложениот графички прилог. Површината на планскиот опфат во рамки на зададените граници изнесува 65,49 ха.

Графичкиот прилог од Предлог Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 04.01.2019 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета.

**Јавната анкета по Предлог Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола, ќе трае 15 работни денови почнувајќи од 04.01.2019 год. заклучно со 25.01.2019год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-1030/3
25.12.2018 год.
Б И Т О Л А

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Наташа Петровска**

